# 2024. godina




**Detinjstvo 1/24.**

ДЕТИЊСТВО
CHILDHOOD
Часопис о књижевности за децу
Година L, бр. 1,
пролеће 2024.
https://doi.org/10.46793/Childhood24.1

*Издавач*
Међународни центар
књижевности за децу
ЗМАЈЕВЕ ДЕЧЈЕ ИГРЕ
Нови Сад, Змај Јовина 26/II
Тел. (021) 66-11-266, 66-13-648
E-mail: zdigre@gmail.com
www.zmajevedecjeigre.org.rs

*За издавача*
Душица Мариновић, директорка

*Главне и одговорне уреднице*
Др Зорана Опачић
(бројеви 1 и 2)
Др Тијана Тропин
(бројеви 3 и 4)

*Секретарица редакције*
Мср Маријана Јелисавчић
Карановић

*Лектура и коректура*
Светлана Зејак

*Превод, лектура и коректура текстова на енглеском језику*
Преводилачка агенција
AD INFINITUM

*Ликовно решење корица*
Ненад С. Лазић

*Графичка уредница*
Весна Карајовић

*Прелом*
NEO KONS, Нови Сад

*Штампа*
AS Dizajn, Нови Сад

Часопис излази тромесечно
Цена овог броја: 600,00 динара
Рачун Змајевих дечјих игара:
340–11006551–47

# САДРЖАЈ

**Пола века драгоценог труда**
(Уводник) ..... 5

**Half a century of precious work**
(Editorial) ..... 7

**ПЕДЕСЕТ ГОДИНА *ДЕТИЊСТВА***

**Љиљана Ж. Пешикан-Љуштановић, Милена С. Зорић Латовљев**, Концептуализација детињства у *Детињству* – педесетогодишња баштина ..... 9

**Снежана З. Шаранчић Чутура**, Писци као сарадници *Детињства* у пола столећа дугом промишљању о књижевности за децу: контексти и врсте прилога ..... 35

**ТЕМАТ: ЕМОЦИОНАЛНИ СПЕКТАР КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ И МЛАДЕ (I)**

**ВРТЛОГ ЕМОЦИЈА**

**Снежана Д. Пасер Илић**, Емоционални спектар у причама о деци Десанке Максимовић ..... 57

**Наташа П. Кљајић**, Емотивни спектар романа *О дутмешу и срећи* Јасминке Петровић ..... 70

**Svetlana S. Kalezić-Radonjić**, Emocionalni kovitlac u romanu *Plava* Magdalene Miković ..... 82

**Vedrana A. Živković Zebec**, Kodiranje ljubavi u dječjoj poeziji ..... 94

**Бојана Д. Кулицан Громовић**, *Сторучица мајка* Бранка В. Радичевића ..... 105

**Јелена Г. Спасић**, Приповедач и прича у роману *Клара и сунце* Казуа Ишигура – о усамљености и љубави из перспективе вештачке интелигенције ..... 116

**ОД УСАМЉЕНОСТИ КА ПРИЈАТЕЉСТВУ**

**Јелена С. Калајџија**, Јунак-усамљеник у дјелу Игора Коларова ........ 124

**Јованка Д. Денкова**, Значењето на пријателството и осаменоста во меѓуврсничките релации, прикажано во македонската книжевност за деца и млади ........ 133

**Владимир Б. Перић**, Слагање маргина: пут од усамљености до пријатељства у финској књижевности за децу (Т. Контио, Н. Репту, М. Хан – Т. Јухани) ........ 144

**ЕМОЦИОНАЛНИ ДИСКУРС У АНИМАЛИСТИЦИ**

**Милош Д. Михаиловић**, Прича у причи: конструкција херојског идентитета у роману *Брежуљак Вошершип* Ричарда Адамса ........ 153

**Слађана М. Миленковић**, Емоционални дискурс у *Ученом мачку* Бранка В. Радичевића ........ 163

**ОГЛЕДАЛО КРИТИКЕ**

**Драгољуб Д. Перић**, Награда „Раде Обреновић" за најбољи роман у 2023. години ........ 172

**Jelena D. Vignjević**, Nova knjiga: *Mark je pisao Ani* ........ 175

Овај број часописа *Детињство* финансијски су подржали:

Министарство културе
Републике Србије

Министарство науке,
технолошког развоја и иновација
Републике Србије

Покрајински секретаријат
за културу, јавно информисање
и односе са верским заједницама
АП Војводине

Градска управа за културу
Града Новог Сада

CIP – Каталогизација у публикацији
Библиотека Матице српске, Нови Сад

821–93(05)

ДЕТИЊСТВО : часопис о књижевности за децу / главне и одговорне уреднице Зорана Опачић и Тијана Тропин. – Год. 1, бр. 1 (1975) – Нови Сад : Змајеве дечје игре, 1975–. – 23 cm

*Тромесечно*

ISSN 0350–5286

COBISS.SR–ID 9948418

# УРЕЂИВАЧКИ ОДБОР


Проф. др Владислава Гордић Петковић
Филозофски факултет Универзитета
у Новом Саду

Др Тамара Грујић
Висока школа струковних студија
за образовање васпитача, Кикинда

Dr hab. Justyna Deszcz-Tryhubczak
Instytut Filologii Angielskiej
Uniwersytet Wrocławski, Polska

Prof. dr. sc. Dragica Dragun
Filozofski fakultet Sveučilišta
Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku
Republika Hrvatska

Prof. dr. sc. Tihomir Engler
Filozofski fakultet Sveučilišta
Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku
Republika Hrvatska

Ph. D. Eugene Y. Evasco
Department of Filipino and Philippine Literature
College of Arts and Letters
University of the Philippines-Diliman
Manila, Philippines

Др Ивана Игњатов Поповић
Висока школа струковних студија
за образовање васпитача
Нови Сад

Dr Vanessa Joosen
Universiteit Antwerpen, België

Др Мирјана Карановић, виша научна саветница
Матица српска, Нови Сад

Dr Anna Kérchy
Associate Professor at the English Department
of the University of Szeged, Hungary

Dr. sc. Andrijana Kos Lajtman
Učiteljski fakultet (odjeljenje u Čakovcu)
Sveučilišta u Zagrebu, Republika Hrvatska

Dr Weronika Kostecka, adiunkt
Zakład Literatury Popularnej,
Dziecięcej i Młodzieżowej
Instytut Literatury Polskiej Warszawa, Polska

Доц. др Ивана Мијић Немет
Академија уметности у Новом Саду

Проф. др Јелена Панић Мараш
Учитељски факултет Универзитета у Београду

Prof. dr. sc. Sanja Roić
Filozofski fakultet Sveučilišta u Zagrebu
Republika Hrvatska

Prof. dr. Igor Saksida
Pedagoška fakulteta, Univerza v Ljubljani
Republika Slovenija

Dr. sc. Marijana Hameršak, viša znanstvena
suradnica
Institut za etnologiju i folkloristiku
Zagreb, Republika Hrvatska

Проф. др Валентина Хамовић
Учитељски факултет Универзитета у Београду

Проф. др Снежана Шаранчић Чутура
Педагошки факултет у Сомбору
Универзитета у Новом Саду

# РЕЦЕНЗЕНТИ

Доц. др Мирјана Бојанић Ћирковић
Филозофски факултет Универзитета у Нишу

Проф. др Владимир Вукомановић Растегорац
Факултет за образовање учитеља и васпитача
Универзитета у Београду

Др Милош Живковић, научни сарадник
Институт за књижевност и уметност, Београд

Prof. dr. sc. Diana Zalar
Učiteljski fakultet Sveučilišta u Zagrebu
Republika Hrvatska

Др Ивана Игњатов Поповић
Висока школа струковних студија
за образовање васпитача, Нови Сад

Проф. др Младен Јаковљевић
Филозофски факултет Универзитета
у Приштини са привременим седиштем
у Косовској Митровици

Др Мирјана Карановић, виша научна саветница
Матица српска, Нови Сад

Доц. др Милица Кецојевић
Филолошки факултет Универзитета у Београду

Проф. др Данијела Костадиновић
Филозофски факултет Универзитета у Нишу

Доц. др Јелена Марићевић Балаћ
Филозофски факултет
Универзитета у Новом Саду

Доц. др Бојан Марковић
Факултет за образовање учитеља и васпитача
Универзитета у Београду

Доц. др Ивана Мијић Немет
Академија уметности у Новом Саду

Проф. др Кристина Митић
Филозофски факултет Универзитета у Нишу

Доц. др Милена Митровић
Факултет за образовање учитеља и васпитача
Универзитета у Београду

Проф. др Миливоје Млађеновић
Педагошки факултет у Сомбору
Универзитета у Новом Саду

Мр Сашо Огненовски
Удружење „Перун артис", Битољ
Република Северна Македонија

Проф. др Јелена Панић Мараш
Факултет за образовање учитеља и васпитача
Универзитета у Београду

Проф. др Зоран Пауновић
Филозофски факултет
Универзитета у Новом Саду

Проф. др Драгољуб Перић
Филозофски факултет
Универзитета у Новом Саду

Проф. др Валентина Хамовић
Факултет за образовање учитеља и васпитача
Универзитета у Београду

Red. prof. dr Dragica Haramija
Pedagoška fakulteta in Filozofska fakulteta
Univerza v Mariboru, Republika Slovenija

Др Светлана Шеатовић, научни саветник
Институт за књижевност и уметност, Београд

Јованка Д. ДЕНКОВА*
Универзитет „Гоце Делчев"
Филолошки факултет
Штип
Република Северна Македонија

Оригинални научни рад
UDC 821.163.3-93.09
https://doi.org/10.46793/Childhood24.1.133D
Примљен: 2. 1. 2024.
Прихваћен: 26. 2. 2024.

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРИЈАТЕЛСТВОТО И ОСАМЕНОСТА ВО МЕЃУВРСНИЧКИТЕ РЕЛАЦИИ, ПРИКАЖАНО ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

**ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРИЈАТЕЛСТВОТО И ОСАМЕНОСТА ВО МЕЃУВРСНИЧКИТЕ РЕЛАЦИИ, ПРИКАЖАНО ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ**

САЖЕТАК: Луѓето се социјални битија за кои социјалната комуникација со другите луѓе е од витално значење. Обично, кога ќе се спомене зборот „осаменост“, првата асоцијација е поврзана со повозрасни луѓе, или луѓе во поодмината возраст. Но, факт е дека осаменоста не може да се поврзе конкретно со одредена возраст кај човекот. Исклучок од тоа не се ни децата ни адолесцентите. Адолесценцијата е период на транзиција, во кој младите се соочени со многу нови предизвици, како во семејството така и во училиштетто. Оттука, од круцијално значење за младиот човек е да има хармонични односи во семејството, а особено да воспостави пријателски односи во училиштето, на местата каде младите излегуваат и слично. На тој начин, пријателството со врсниците може да им го олесни стресот поврзан со училиштето, оценките, изгледот кој им се менува „преку ноќ“ и сл. Во оваа статија, се осврнуваме кои тие неколку клучни моменти, преку соодветни примери кои ќе ги ексципираме од современата македонска книжевност за деца и млади.

Клучни зборови: пријателство, осаменост, книжевност за деца и млади.

ВОВЕД

Осаменоста е непријатното чувство кое се јавува кога луѓето сметаат дека нивните општествени односи се дефицитарни на важен начин, било квантитативно или квалитативно. Осаменоста е болно емоционално искуство на несовпаѓање помеѓу вистинскиот и посакуваниот социјален контакт. Чувството на осаменост кај децата и адолесцентите е поврзано со широк спектар на негативни исходи, вклучувајќи напуштање на училиште, депресивни симптоми, социјална анксиозност, идеи за самоубиство, ниска самодоверба, нарушувања во исхраната и проблеми со спиењето (Maes, Noortgate, Fustolo-Gunnink, Rassart, Luyckx, Goossens 2017: 622-635).

Како што се вели во студијата на Кол и др. (Cole, Bond, Qualter, Maes 2021: 3285), осаменоста е болно искуство, поврзано со чувство на несреќност, несаканост, немир и генерално очај кај различни возрасни групи, вклучително и деца на училишна возраст. Усогласено со најпопуларната концептуализација, осаменоста се доживува кога некој ќе воочи неусогласеност помеѓу вистинските и посакуваните општествени односи, а оваа несовпаѓање може да се доживее во однос на квантитетот и квалитетот на нечии односи. Осаменоста е поврзана со отсуство на партнери за игра и негативни односи во детството, и недостаток на блиски пријатели и отфрлање од врсниците за време на адолесценцијата. Дополнително, откриено е дека виктимизацијата во училиштето е поврзана со осаменоста за време на адолесценцијата и младата зрелост, што сугерира дека осаменоста може да произлезе и од негативни социјални односи. Осаменоста е поврзана со мноштво негативни исходи, вклучително и полоши академски достигнувања, тешкотии со емоционалното здравје и квалитетот на сонот кај младите.

Оттука, пријателствата во детството и младоста заземаат круцијално место во развојот на младата личност, особено во периодот на адолесценцијата. Адолесценцијата е клучна фаза во која младите се во потрага по идентитет, независност и одговорност, тие сакаат нови искуства и почнуваат да откриваат што е добро, а што лошо. Тоа е тешка и сложена фаза за децата и родителите. Дополнително, тоа е во текот на оваа фаза кога младите се чувствуваат најемотивно погодени од хормоналните промени што ги доживуваат. Поради индивидуални, семејни проблеми, тие стануваат депресивни и вознемирени. Кога претрпуваат разочарувања, од најразличен вид, тие обично се многу погодени (Бери 2021). За време на адолесценцијата, се случуваат широк спектар на емоционални и когнитивни промени, кои овозможуваат подобра организација на мислата и зголемена свест за емоциите, што овозможува адолесцентите да размислуваат за емоциите, нивното изразување и да развијат стратегии за управување со нив (Hunter, Katz, Shortt, Leve, Allen, Sheeber 2011: 428-441). Адолесценцијата е клучна развојна

пресвртница во животниот тек, кога ефектите од мноштво развојни интеракции од раното и средното детство почнуваат да се консолидираат во сѐ позрели когнитивни, емоционални и социјални функции (Masten и Cicchetti, 2010). Тоа е време на социјална трансформација, поврзано со растечки степен на одговорност и родова диференцијација, а за многумина, исто така, со проширени општествени хоризонти. Додека многу или повеќето од заканите за благосостојбата и развојот на младите потекнуваат од околности кои се очигледни уште пред раѓањето, некои се јавуваат за време на адолесценција, дополнително поттикнувајќи негативни развојни каскади (Boyden, Dawes, Dornan, Tredoux 2019: 101-132).

Оттука, од исклучително значење е типот на пријателствата на младите адолесценти, во средината околу и во домот, во училиштето, на местата каде што излегуваат со своето „друштво", зашто тие пријателства влијаат врз фактот дали адолесцентите ќе прифатат одредени негативни појави (алкохол, дрога, насилно однесување и други девијантни појави) или ќе ги одбијат.

За таа цел, во оваа студија разгледуваме одреден квантум книжевни дела од современи македонски автори низ кои може да се проследи влијанието, поточно значењето на пријателствата во периодот на адолесценцијата како една победа над осаменоста кај тинејџерите.

## НИЗ СТРАНИЦИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ ЗА МЛАДИ

Разгледот ќе го започнеме со романот „Шармери од осмо", каде авторот Велко Неделковски, упатил и остра критика на возрасните, особено оние презафатени родители кои се преокупирани со себе и својата работа или проблеми и немаат време за своите деца – адолесценти. Тоа се гледа од изјавите на Емил Јаневски за неговите родители: „Нашата мамичка е дома? – се изненади Емил. Значи, не е на прекувремена работа. Не е на семинар во Охрид. Не е во посета на своите родители во старскиот дом...Ѕвонеше телефонот. Се јави татко им, веројатно од кафеана. Маја ја сослуша неговата кратка порака: „Златца мои, тато е зафатен до гуша!" (Неделковски 2019: 106-107). Утврдено е дека односот на адолесцентите со нивните родители е важна димензија на нивниот развој. Во многу студии, односот родител-адолесцент опфаќа голем број конструкции и варијабли, вклучувајќи поддршка од родителите, блискост и топлина родител-адолесцент, приврзаност кон родителите, комуникација родител-адолесцент и одвојување од родителите (Young, Marshall, Domene, Arato-Bolivar, Hayoun, Marshall, Valach

2006: 1-23). Недоволната комуникација со родителите, според авторот е важен фактор во можноста, младиот адолесцент да „заскита“ по мрачни патишта. Таков е случајот со момчето Златко, кое по загубата на мајката се свртува кон пушењето: „Златко Самоилов ја извлече тукуштo отворената кутија цигари. Одбра една цигара, го понуди и Емил. Онака, со ноншалантен гест, како што го прават тоа возрасните: „Запали! Се почнува на наши години!“, на што Емил му одговара: „Благодарам, не. Џепарлакот го трошам во слаткарница“ (Неделковски 2019: 30). Адолесценцијата е очигледно чувствителен временски период во почетокот на пушењето цигари. Врсниците и односите со врсниците често се наведуваат како главни фактори вклучени во оваа употреба на цигари (Kobus 2003:37-55). Последиците од лошата одлука на Златко се покажуваат кога почнуваат тренинзите, а Златко нема кондиција: „Пред десетина секунди му се слоши! Побледи, па позелени. Како да се прејал со зелени сливи. Ене го кај грмушките, на влезот од паркчето...Златко стоеше поднаведнат испуштајќи шиштави звуци... Како да имаш двојни бели дробови! Го искара Емил Јаневски. „Намали ги цигарите, итно. Не, подобро остави ги. Фрли ги!“ (Неделковски 2019: 40).

Адолесцентите кои никогаш не пушеле, веројатно никогаш и не размислувале за пушење и немаат желба да почнат да пушат во блиска иднина. Овие адолесценти никогаш не пушеле и или не се свесни за позитивните причини да почнат да пушат или ги игнорираат или се спротивставуваат на притисокот да пушат (Mayhew, Flay, Mott 2000), и таков типичен пример во разгледуваниот роман е Емил. За среќа, благодарение на неговиот пријател Емил, кој ги обединува и раскараните одделенија со идејата за формирање на еден заеднички фудбалски тим, навреме се оттргнува од лошата навика. Училишните пријателства најчесто се проучувале во текот на основните училишни години. Во овој период од развојот, се покажало дека децата со пријатели имаат тенденција да бидат подружељубиви, покооперативни и самоуверени кога се споредуваат со нивните врсници без пријатели. Имањето пријатели е позитивно поврзано со оценките и резултатите од тестовите во средно училиште, како и со вклученоста во активности поврзани со училиштето. Кога се на училиште, адолесцентите кои имаат пријатели, исто така, имаат тенденција почесто да покажуваат просоцијално однесување, а поретко асоцијално однесување отколку нивните соученици без пријатели. Дополнителен факт е што овие односи одразуваат процес на влијание на пријателот. На пример, поединците може да усвојат или развијат специфични стилови или интереси на однесување затоа што се сметаат за пожелни карактеристики на нивните блиски пријатели (Wentzel, Barry, Caldwell 2004: 195-203), поточно да усвојат позитивни примери или совети од пријателите, кои на тој начин вршат позитивно влијание врз нив. Заедничките активности ги зближуваат младите луѓе и им овозможуваат да се запознаат подобро, да се доверуваат, да побараат/примат и дадат совет, со што се подобрува

квалитетот на нивното пријателство (Mathur, Berndt 2006: 365-388). Ларсон и неговите колеги издвоиле неколку групи на активности преку кои се обединуваат и се дружат младите адолесценти: во училиште, одржување (исхрана, облекување), дружење, употреба на медиуми, спорт, вонаставни активности и игри (Larson, Richards 1989: 501-510). Се разбира, не треба да се исклучи и можноста за негативни влијанија од врсниците. Во случајов говориме за просоцијално и асоцијално однесување. Според Sung Hyeon Cheon, просоцијалното однесување е намерно дело во корист на друго лице. Искористувањето на другите е просоцијално кога тоа се прави доброволно, а не како одговор на туѓа директива или со исчекување на награда или казна. Просоцијалното однесување се јавува кога соучениците помагаат, споделуваат, охрабруваат, утешуваат, поддржуваат, соработуваат и покажуваат почит еден кон друг. Асоцијалното однесување е намерен чин за да му наштети на друго лице. Повредувањето на другите е асоцијално кога и тоа се прави доброволно, бидејќи ненамерното повредување не се смета за асоцијално. Асоцијалното однесување меѓу соучениците се јавува на начини кои се вербални (на пример, вербално малтретирање), физички (на пример, удирање, повредување) и релациски (на пр., застрашувачки, покажување непочитување). Просоцијалното и асоцијалното однесување имаат длабоки импликации и за развојот на актерот и на примачот (емпатичен наспроти бесчувствителен), врз емоционалноста (благодарност наспроти непријателство), меѓучовечките односи (општествена компетентност наспроти социјална доминација), пријателствата (прифаќањето на врсниците наспроти отфрлање), лично функционирање (приспособување наспроти неприспособување) и академскиот успех (училишен успех наспроти училишен неуспех) (Cheon 2018: 74- 88).

Токму позитивните пријателства преку заеднички активности се прикажани и во романот „Бакнеж за сеќавање“ од Александар Поповски. Доаѓајќи од Кавадарци во повоено Скопје, Блаже брзо склопува нови пријателства со - Томе Првиот, Томе Вториот и брат му Србо. Иако се споредни ликови во романот, ситуациите во кои се наоѓаат ги оформуваат како еден колективен лик. Преку нивните дружби, се опишува и доловува едно големо другарство, особено меѓу Томе Првиот и Блаже кои споделуваат тајни и стануваат поголеми пријатели, дури и поголеми од нивните татковци. Во својата студија „Трите фази на адолесценцијата“, Дејвид Берет говори токму за карактеристиките на овие три етапи во животот на младиот човек. Иако во книгата на Александар Поповски не е посочена возраста на јунаците (Блаже, Невенка, Милка, Томе Домецот, Томе и др.), сепак од контекстот се насетува дека тие се основци, со што би можеле да ги категоризираме во периодот на раната адолесценција, или она што Берет го нарекува „период на припаѓање“. Потребата за припадност се покажува на неколку начини. Прво, возраста од 11-13 години е период на врвна усогласеност со врсниците. Второ, во раната

адолесценција детските пријателства се толку моќни што чувството за идентитет на детето е тесно поврзано со идентитетот на неговиот или нејзиниот најдобар пријател. Трето, моралното расудување на децата ја одразува потребата за одобрување од родителите и врсниците. Конечно, повторно се појавуваат нарушувања на одвојувањето, вклучително и анксиозно растројство на одвојување (на пример, училишна фобија) (Barret 1996: 333-339). Сплотеноста, другарството и искреноста ќе помогнат на останатите двајца другари да го пронајдат нивниот татко изгубен во војната, за кој мислеле дека е загинат и дека не е жив. Проучувачите на оваа проблематика даваат три генерални типови на објаснувања за посебното значење на раните адолесцентни пријателства. Прво, адолесценцијата традиционално се дефинира како почеток на пубертетот. Биолошките промени поврзани со пубертетот може да бидат вознемирувачки/стресни за адолесцентите; тие може да се обратат кај пријатели за помош за разбирање и прилагодување. Второ, блиските пријатели и другите врсници стануваат примарни партнери во социјалните интеракции на адолесцентите. Според нивните сопствени извештаи, адолесцентите поминуваат повеќе време разговарајќи со врсниците отколку во која било друга активност; тие се опишуваат и себеси како најсреќни кога разговарате со врсниците. Покрај тоа, пријателствата може да имаат важно влијание врз развојот на адолесцентите поради нивните формални или структурни карактеристики. За разлика од хиерархискиот однос меѓу родителите и нивните деца, пријателството е егалитарна врска. Затоа, интеракциите со пријателите можат да послужат како основа за егалитарни односи со колегите, соседите или сопружниците во зрелоста (Berndt 1982: 1447-1460). Трето, когнитивните способности продолжуваат да се развиваат во текот на адолесценцијата. Адолесцентите стекнуваат нова свест за себе и за сопствениот идентитет, се здобиваат со пософистицирано разбирање на другите луѓе и настаните и поголема вештина во логичката анализа на идеолошките позиции и социјалната институција (Hill, Palmquist 1978: 1-36). Генерално, во овие истражувања се потенцираат четири карактеристики на пријателството: интимноста на разговорите на пријателите и нивното меѓусебно познавање, нивниот одговор на потребите и желбите едни на други, степенот на сличност или комплементарност помеѓу пријателите и стабилноста на пријателствата со тек на времето (Berndt 1978: 1447-1460). Истражувањата, исто така, покажуваат дека пријателите можат да влијаат едни на други во позитивна или негативна насока, бидејќи тие се појавуваат во време кога треба да се „пополни“ јазот кој настанува заради намалената, редуцирана комуникација со родителите (Youniss, Haynie 1992: 59-66). Во случајот со Блаже од романот „Бакнеж за сеќавање“, евидентно е влијанието на неговите другари во поглед на неговото однесување, поточно кога го предупредуваат за неговото културно и добро однесување, заради кое може да наиде на потсмев во новата, градска средина: „Јас и кога ми даваат нешто, ретко

се заблагодарувам, а ти...Уште завчера го забележав тоа... Ако ме послушаш, ќе се одучиш од тоа, инаку ќе те земат на мајтап другарите...“ (Поповски 1990: 34); па дури и му се измислуваат прекари кога ги разоткрива своите интимни чувства кон Милка и кога и обелоденува дека во родниот крај имал симпатија-Невенка: „Убавата Милка/Блажева бесилка“ (38); „Невенче и Блаже, женче и маже!“ (Поповски 1990: 49).

Романот „Што ако не постоеше Полна Месечина“ од младата авторка Мила Кралева, го следи развојот на љубовните чувства кај Мејлин и Нејт, но слаба страна му е што единствено ликот на главната хероина Мејлин е подлабоко психолошки нијансиран, одредени постапки на останатите ликови делуваат по малку неуверливо, и сл. И покрај некои недоследности, кои можат да се припишат на неискуството писателско искуство на Кралева, романот има своевидни естетски вредности, кои можат да се согледаат во истакнувањето на важноста на пријателството и другарувањето, заедничките спортски игри, музиката како обединувачки елемент на сите луѓе од различни средини, итн. Мејлин треба да замине за Ибица, каде заедно со нејзините две најдобри другарки – Хејзел и Тејт земаат учество на музички натпревар за млади таленти: „На музичкиот натпревар, на кој одам сега, се пријавив пред неколку месеци, кога професорот ме извести за тој посебен настан. ...Музиката е мојот живот, а пеењето – кислород, па без многу размислување се пријавив. Уште подобро нешто е локацијата, Ибица. Мојата омилена дестинација, Средоземно море, остров, лето, плажа, да и плус музиката и мојот натпреварувачки дух“ (Кралева 2023: 9-10). Другарките/пријателите се исклучително важен сегмент од животот на адолесцентите. Во периодот на адолесценцијата, родителите полека го губат своето влијание врз формирањето на идентитетот на адолесцентното девојче, а оваа улога ја преземаат пријателите од врсничката група. Како што се однесува општеството на врсниците, така и девојчињата адолесценти ќе се обидат да се однесуваат. Како што пријателите стануваат идеални, врсниците стануваат сè поважно засолниште што го заменува родителскиот дом (Fuček 2013). Вообичаено е мислењето дека онака како што децата израснуваат во адолесценти, тие даваат повеќе значење на врските со врсниците и за разлика од помалите деца, адолесцентите минуваат повеќе време со нивните врсници и прават поголема дистинкција меѓу пријатели и не-пријатели. На тој начин, пријателите стануваат моќен извор на влијание врз размислувањата, чувствата и однесувањето на адолесцентите. Развојната психологија прави дистинкција помеѓу два вида на пријателства во односите меѓу врсниците. Првиот тип ја подразбира припадноста на детето кон одредена врсничка група и ова обично се поврзува со социјалниот статус. Вториот тип пријателство е дијадична врска базирана на взаемност и взаемно допаѓање (Klima 2007). Со сигурност можеме да кажеме дека пријателството меѓу Мејлин и нејзините другарки е од вториот тип, затоа што се базира на љубовта кон музиката. James F. Akers, во својата студија

(Akers 1992) говори за сличностите во пријателствата кај адолесцентите, и при тоа го наведува мислењето на  Epstein, според кој сличноста кај пријателите помага да се воспостави заеднички социјален идентитет, намалување на меѓучовечките конфликти и зголемување на одобрувањето и позитивното почитување за секој член на пријателскиот пар. Епштајн, исто така, верува дека разликите меѓу пријателите може да бидат важни во тој конфликт и тие разлики може да обезбедат можности за учење, за градење подобри односи и за унапредување на социјалните вештини (Epstein 1983: 235-253). Мејлин е многу блиска со своите другарки и во прилог на тоа говори фактот што заедно ќе учествуваат на натпреварот, ќе си бидат конкуренција една друга, но тие немаат никаков проблем со тоа: „Со нив сум отсекогаш. Имаме другарство кое е навистина ендемично во овие времиња. Ги сакаме и мразиме истите работи. Имаме некои разлики, но долгогодишното другарување нѐ направи сестри. Ни тие, ниту јас, имаме браќа и сестри, па затоа сме како сестри од различни родители, ги сакам најмногу“ (Кралева 2023: 17).

Романот „Средба во осамената куќа“ од Петре Димовски ни ја открива девојката Росенка, жртва на сексуално насилство од страна на семеен пријател. Сепак, нејзиното невообичаено однесување не останува без реакција кај другарките. Тие, откако се уверуваат дека постои нешто што таа го крие од нив, решаваат да ја следат: „Ивана со друштвото се договориле да ме следат и да надгледуваат. И забележале како во тие денови некој се врткал околу куќата и чукнувал на вратата а не сум му отворала. Знаеле дека сум дома, ме виделе зад прозорецот... Го препознале Темниот, го имале видено во друштво со моите. И со мене“ (Димовски, 2016: 101). Во вакви ситуации, пријателите се јавуваат како клучен извор на поддршка за многу деца и ова е повторлива тема во истражувањето кое го испитуваше однесувањето на децата за барање помош (Jackson, Newall and Backett-Milburn, 2015: 322-332). Иако успева да побегне во даден момент, насилникот ја упатува последната закана кон неа: „Вети ми дека нема да кажеш за фустанчето! Ако кажеш ќе ти настрадаат тато и мама и потоа ќе немаш тато и мама!“ (Димовски, 2016: 28) Тогаш кога ќе почне детето/адолесцентот кој е злоупотребуван да се спротивставува, почнуваат ветувања дека тоа повеќе нема да се повтори, а злоупотребувачот понатаму се служи со наговарање, притисоци, принуди и други методи на присила, агресивни, со застрашувања, го обврзува детето да молчи и да ја чува тајната. Кај децата ова предизвикува ужасен страв (Манасова-Јовановиќ, 2018).

И токму тој страв, како и стравот да не се повтори насилството, почнува да го менува животот на девојчето. Росенка лаже дека при пад на лизгалиштето во училишниот двор си го искинала фустанчето, одбива да појде и на лекар за да не се открие вистината: „Јас сакав по секој начин да го одбегнам тоа, па настојував да го смирам плачот за да се одбранам од заканата што надвисна над мене... Ја увидов грешката и се трудев повеќе да не ја повторам. Со ништо не

смеам да ја предизвикувам и отворам големата закана“ (Димовски, 2016: 32-33). И оттогаш започнува очајната борба на девојчето на повеќе полиња, со цел да сокрие што се случило. Причините за тоа се повеќестрани, но кај неа, најмногу се издвојуваат стравот Темниот да не ѝ ги повреди родителите и да остане сама на светот. Низ повеќе студии на оваа проблематика, се појавуваат пет клучни моменти кои влијаат на процесот на откривање на насилството. Така, жртвата на насилство се плаши дали останатите ќе ѝ веруваат, прашањата кои би им биле поставени, чувство на срам/самообвинување, постоење на стравови и грижи за себе и за другите, како и влијанието од врсниците (McElvaney, Greene and Hogan, 2014: 928-947).

Оттука, Росенка полека, но сигурно почнува да се менува. Иако на почетокот тоа се припишува на стравот од наводниот пад, набргу и во училиштето се забележуваат првите необичности поврзани со неа: сè повидливо заостанува во учењето, ги расипува училишните оценки, ја лаже класната раководителка дека мајка ѝ од презафатеност не може да дојде во училиштето на разговор, бега од часовите со изговор дека има лекарски прегледи, ги избегнува најдобрите другарки за да не одговара на нивните прашања од страв да не ја издаде мрачната тајна: „Се плашев од сите тие што ми се блиски. Колку се поблиску до мене, толку стравот е посилен. Сакав да бидам сама. Сама со мојот проблем и со мојот страв. Сама со кошмарот од сонот кој може да ги повреди тие што ме сакаат. Сама со себеси, зашто не знаев како да се поставам пред другите и не умеев да го прикријам мојот страв. А тој страв посилно ме заплашуваше“ (Димовски, 2016: 38-39).

## ЗАКЛУЧОК

Во статијата погоре, се осврнавме на темата на пријателството како важен фактор во периодот на адолесценцијата, благодарение на кој младите луѓе успеваат да победат одредени мрачни сили кои се надвиснуваат над нив. Иако во интерес на просторот, невозможно беше да се проговори за поголем број книжевни дела, сепак, евидентно е дека, во македонската книжевност за деца и млади, главно преовладува позитивна слика на пријателите кои се пројавуваат како верни придружници, секогаш подготвени да помогнат и излезат во пресрет, но и искрени и реални критичари, доколку забележат дека другарот/пријателот може да западне во неволја.

Во тој период, од исклучително значење е типот на пријателствата на младите адолесценти, во средината околу и во домот, во училиштето, на местата каде што излегуваат со своето „друштво“, зашто тие пријателства влијаат врз фактот дали адолесцентите ќе прифатат

одредени негативни појави (алкохол, дрога, насилно однесување и други девијантни појави) или ќе ги одбијат.

Во статијата се разгледаа неколку дела од современи македонски автори за деца, низ чии страници се задржавме на неколку клучни фактори за надминување на осаменоста кај младите адолесценти и создавањето на пријателства. Во романот „Шармери од осмо“ авторот Велко Неделковски упатил остра критика на возрасните, особено оние презафатени родители кои се преокупирани со себе и својата работа или проблеми и немаат време за своите деца – адолесценти, па младите често знаат да потпаднат под разни негативни појави како што е пушењето. Во романот „Бакнеж за сеќавање“ од Александар Поповски евидентно е позитивното влијание на пријателите, особено кога младиот адолесцент доживува преселба во непозната средина, но и алкохолизам во семејството. Романот „Што ако не постоеше Полна Месечина“ од младата авторка Мила Кралева, го следи развојот на љубовните чувства кај Мејлин и Нејт, но и проговорува за пријателството создадено врз основа на заедничкиот интерес кон музиката кај младите. Романот „Средба во осамената куќа“ од Петре Димовски, пак, ни ја открива девојката Росенка, жртва на сексуално насилство од страна на семеен пријател. Сепак, нејзиното невообичаено однесување не останува незабележано од другарките, па благодарение на нивната навремена реакција, Росенка е спасена од канџите на насилникот.

Во дружењето со пријателите, со кои делат исти или слични интереси, младите адолесценти ја победуват осаменоста, како една од карактеристиките на младоста. Самата адолесценција се карактеризира како период во кој младите луѓе доживуваат физички, емоционални, когнитивни промени, како и промени во однесувањето. Тоа е период на внурнување во себе, барање на своето место во општеството, меѓу врсниците. Период кога младиот човек, кој не е веќе дете, но не е ни возрасен човек е загрижен за својата иднина. Оттука, во време на таа „социјална трансформација“, кога младите се еманципираат од семејството, сосема нормално е да имаат потреба од осамување, внурнување во себе и преиспитување на своите емоции.

Книжевните дела во кои авторите ја преиспитуваат состојбата на младите адолесценти во периодот на адолесценцијата, без замижување за нивните проблеми, се од огромна важност за младите луѓе. Тие книжевни дела се еден можен пат-излез, во кој младиот човек ќе може да прочита за проблеми, слични на неговите, да се идентификува со протагонистите во книгата и, на крај, да пронајде излез за своите проблеми.

## ЛИТЕРАТУРА

### Извори на кирилица


1. Бери, Петар. (2021). *Адолесцентите соочени со предизвици и проблеми во природната и социјалната средина.* Warbletoncouncil, https://mk.warbletoncouncil.org/adolescentes-retos-problemas-entorno-natural-social-1846
2. Димовски, П. (2016). *Средба во осамената куќа*, Дата Песнопој, Битола.
3. Кралева, Мила. (2012). *Што ако не постоеше Полна Месечина*, Мила Кралева, Штип.
4. Манасова-Јовановиќ, Б. (2018). Сексуално злоупотребување на децата – предаторите најчесто се во близина, 17.12.2018, преземено од https://deca.mk/koga-ste-istsrpeni-ne-mozhete-da-bidete-najdobriot-roditel-na-vasheto-dete/ , 12.03.2023
5. Неделковски, Велко. (2019). *Шармери од осмо*, Арс Ламина-публикации, Либи, Скопје.
6. Поповски, Александар. (1990). *Бакнеж за сеќавање*, Детска радост, Скопје.


### Извори на латиница


1. Akers, James F. (1992). *Similarities Within Adolescent Friendship Pairs: The Relationship Between the Strength and Qualities of Friendship and the Individuals' Ego Identity Development*.All Graduate Theses and Dissertations. https://digitalcommons.usu.edu/etd/2530, 30.11.2023
2. Barrett, David E. (1996). The Three Stages of Adolescence, *The High School Journal*, Vol. 79, No. 4 (Apr. - May, 1996), pp. 333-339, https://www.jstor.org/stable/40364502, 02.11.2023
3. Berndt, Thomas J. (1982). The Features and Effects of Friendship in Early Adolescence, *Child Development*, *53*(6), 1447–1460. https://www.jstor.org/stable/1130071, 04.11.2023
4. Boyden, Jo, Dawes, Andrew, Dornan, Paul, Tredoux, Colin. (2019). *Adolescence and youth: A time of responsibility and transformation, Tracing the Consequences of Child Poverty: Evidence from the Young Lives study in Ethiopia, India, Peru and Vietnam*, pp. 101-132, https://www.jstor.org/stable/j.ctvkjb390.11, 02.11.2023
5. Cole, A., Bond, C., Qualter, P., & Maes, M. (2021). A systematic review of the development and psychometric properties of loneliness measures for children and adolescents. *International journal of environmental research and public health*, *18*(6), 3285.
6. Cheon, Sung Hyeon. (2018). (A Needs-Supportive Intervention to Help PE Teachers Enhance Students' Prosocial Behavior and Diminish Antisocial Behavior, *Psychology of Sport and Exercise*, *35*, 74-88. https://espace.curtin.edu.au/bitstream/handle/20.500.11937/61722/260636.pdf, 10.11.2023
7. Epstein, J. L. (1983). School environment and student friendships: Issues, implications, and interventions. In J. L. Epstein & N. Karweit (Eds.), *Friends in school: Patterns of selection and influence in secondary schools* (pp. 235-253). New York: Academic Press. https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/B9780122405402500207, 30.11.2023
8. Fuček, Helena. (2013). *Predodžbe o adolescenticama i adolescentima u najčitanijim romanima adolescentske književnosti 2013. godine*, (Diplomski rad). Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, Fakultet hrvatskih studija. Preuzeto s https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:111:080810, 30.11.2023
9. Hill, John P., & Palmquist, Wendy P. (1978). Social cognition and social relations in early adolescence. *International Journal of Behavioral Development*, 1, 1-36.
10. Hunter, E. C., Katz, L. F., Shortt, J. W., Davis, B., Leve, C., Allen, N. B., & Sheeber, L. B. (2011). How do I feel about feelings? Emotion socialization in families of depressed and healthy adolescents. *Journal of youth and adolescence*, *40*, 428-441. https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2992097/, 11.11.2023
11. Klima, Tali. (2007). *The quality of adolescent girls' best friendships and their self-perceptions*. University of California, Los Angeles. https://www.proquest.com/openview/4d33277183f222f3084f0b093de0f2a7/1?pq-origsite=gscholar&cbl=18750, 30.11.2023
12. Kobus, Kimberly. (2003). Peers and adolescent smoking, *Addiction*, *98*, 37-55, Society for the Study of Addiction to Alcohol and Other Drugs, https://d1wqtxts1xzle7.cloudfront.net/77612333/j.1360-0443.98.s1.4.x20211229-28594-b3bxav-libre.pdf, www.academia.com, 10.11.2023
13. Larson, R. W., & Richards, M. H. (1989). Introduction: The changing life space of early adolescence. *Journal of Youth and Adolescence*, *18*, 501-510.
14. Maes, Marlies, Noortgate, Van den Wim, Fustolo-Gunnink, Suzanne F., Rassart, Jessica, Luyckx, Koen, Luc Goossens. (2017). Loneliness in Children and Adolescents With Chronic Physical

Conditions: A Meta-Analysis, *Journal of Pediatric Psychology*, Volume 42, Issue 6, Pages 622–635, https://doi.org/10.1093/jpepsy/jsx046, https://academic.oup.com/jpepsy/article/42/6/622/3066283, Пристапено на 01.01.2024
15. Mathur, Ravisha, Berndt, Thomas J. (2006). Relations of Friends' Activities to Friendship Quality, *The Journal of Early Adolescence*, *26*(3), 365-388, https://citeseerx.ist.psu.edu, 10.11.2023
16. Mayhew, Kathryn P., Flay, Brian R., Mott, Joshua A. (2000). Stages in the development of adolescent smoking, Drug and Alcohol Dependence 59 Suppl. 1, https://www.researchgate.net/profile/Brian-Flay/publication/12544089, 10.11.2023
17. McElvaney, R., Greene S. and Hogan, D. (2014). To Tell or Not to Tell? Factors Influencing Young People's Informal Disclosures of Child Sexual Abuse, Journal of Interpersonal Violence, Vol. 29(5) 928–947, jiv.sagepub.com, 10.03.2023
18. Wentzel, Kathryn R., Barry, Carolyn McNamara, Caldwell, Kathryn A.(2004). Friendships in Middle School: Influences on Motivation and School Adjustment, *Journal of Educational Psychology*, Vol. 96, No. 2, 195–203, https://www.researchgate.net/profile/Carolyn-Barry/publication/232493135, 10.11.2023.
19. Youniss, J., & Haynie, D. L. (1992). Friendship in adolescence. *Journal of Developmental & Behavioral Pediatrics*, *13*(1), 59-66., https://www.researchgate.net/profile/Denise-Haynie/publication/21599931, 03.11.2023
20. Young, R. A., Marshall, S., Domene, J. F., Arato-Bolivar, J., Hayoun, R., Marshall, E., ... & Valach, L. (2006). Relationships, communication, and career in the parent–adolescent projects of families with and without challenges. *Journal of Vocational Behavior*, *68*(1), 1-23, https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S0001879105000667, 11.11.2023

Jovanka D. DENKOVA

## THE SIGNIFICANCE OF FRIENDSHIP AND LONELINESS IN PEER RELATIONSHIPS, SHOWN IN MACEDONIAN LITERATURE FOR CHILDREN AND YOUNG PEOPLE

Abstract: Humans are social beings for whom social communication with other people is vital. Usually, when the word "loneliness" is mentioned, the first association is related to older people, or people in advanced age. But the fact is that loneliness cannot be linked specifically to a certain age in a person. Neither children nor adolescents are an exception to that. Adolescence is a period of transition, in which young people are faced with many new challenges, both in the family and at school. Hence, it is of crucial importance for the young man to have harmonious relations in the family, and especially to establish friendly relations at school, in places where young people go out, etc. In this way, friendship with peers can relieve them of stress related to school, grades, appearance that changes "overnight", etc. In this article, we refer to those few key moments, through appropriate examples that we will extract from contemporary Macedonian literature for children and young people.

Keywords: friendship, loneliness, literature for children and young people.